**ОПШТИНА РАДОВИШ**

*Бул.Александар Македонски бр.7*
*2420 Радовиш, Р.Македонија*
*тел. +389 32 551 304*
*Web page: www.radovis.gov.mk*
*E-mail: gradonacalnik@radovis.gov.mk*
*radovis@radovis.gov.mk*

бр. 09 - 1540/1
29 / 11 / 2017 год.

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 43 од Статутот на општина Радовиш ("Службен гласник на општина Радовиш" бр. 5/02), Градоначалникот на општина Радовиш објавува,

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за предлагање на програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот во општина Радовиш за 2018 година**

За остварување на јавните потреби од областа на спортот, Градоначалникот на општина Радовиш распишува Јавен повик за пројавување интерес со предлагање на програми, проекти, и манифестации од областа на спортот од интерес на општина Радовиш за 2018 година.

Спортските активности, програми и манифестации од интерес за општина Радовиш, општината ги утврдува со Програма која ги одразува нејзините јавни потреби.

Проектите и активностите треба да обезбедат развој, стимулирање и презентација на вредностите и достигнувањата во областа на спортот на ниво на општина Радовиш.

Општина Радовиш ќе учествува во финансирање на програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот од интерес на општина Радовиш согласно законската регулатива а кои се поврзани со :

- унапредување и збогатување на спортско-рекреативниот живот, особено на младите во општина Радовиш и создавање услови за нивно правилно насочување и организирање на нивните слободни активности ;
- афирмација на општина Радовиш во државата и на меѓународен план преку спортски активности и резултати на спортисти и екипи од општина Радовиш;
- активностите на сите заинтересирани спортски субјекти кои ќе доставаат програми за традиционалните спортски приредби и манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер;
- програмите, проектите и активностите на спортисти-аматери, учениците во основните и средното училиште на подрачјето на општина Радовиш
- спортско рекреативните активности на лица со посебни потреби;

Пријавувањето на Јавниот повик се врши со доставување на пополнета пријава (Апликација).

Пријавите (апликациите) може да се подигнат во општина Радовиш.

Апликантите покрај пријавата, задолжително треба да ги достават следните документи:

-документ за регистрирана дејност издаден од Централен регистар на РМ

-во зависност од статусот на апликантот, да се достави Решение за вршење на дејност спорт, издадено од Агенција за млади и спорт на РМ.

Јавниот повик се објавува на 29.11.2017 година и ќе трае до 07.12.2017 година, односно 9 дена од денот на објавувањето.

Пријавите треба да се достават до општина Радовиш, преку пошта на адреса: ул.Александар Македонски бр.7, Радовиш, или во архивата на општина Радовиш, најдоцна до 15:30 часот на последниот ден од завршувањето на Конкурсот, со назнака за Јавен повик за предлагање на програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот за 2018 година.

Напомена: Пријавите со непотполни податоци и нецелосна документација, пријави пополнети на несоодветен образец, како и оние што нема да бидат доставени во наведениот рок, нема да бидат разгледувани.

**Начин и постапка**

За остварување на јавните потреби и јавниот интерес од областа на спортот, во согласност со законската регулатива, општина Радовиш усвојува и реализира Годишна програма за активности од областа на спортот во која се наведени сите субјекти и активности од областа на спортот кои делумно или целосно, ќе бидат финансирани од Буџетот на општината.

Програмата ја изработува соодветното општинско одделение, откако претходно Комисијата формирана од Градоначалникот на општината ќе направи анализа и ќе ги селектира и рангира сите пристигнати апликации за финансиска поддршка од општинскиот буџет.

Преку реализација на оваа програма, целта е општина Радовиш, во рамки на своите законски надлежности и можностите, да обезбеди развој, стимулирање и презентација на вредностите и достигнувањата во областа на спортот.

По усвојувањето на Програмата од страна на Советот на општина Радовиш, и утврдувањето на износот во соодветната Буџетска програма во Буџетот на општина Радовиш за 2018 година, сите заинтересирани субјекти за финансиска поддршка од општината аплицираат на Јавен конкурс кој го распишува Градоначалникот по Одлука на Советот и Комисијата за образование, спорт и култура, во првиот квартал од тековната година.

Аплицирањето се однесува за секој апликант кој ќе ќе биде предвиден во годишната програма.

Апликантите ги поднесуваат сите потребни документи и извештаи врз основа на кои Комисијата по претходно мислење од Градоначалникот, до Советот на општина дава Предлог-Одлука за распределба на средствата за спорт од Буџетот на општина Радовиш.

Дополнителни информации на тел.: 075/229-847

Градоначалник на општина Радовиш

Герасим Конзулов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА · ГРАДОНАЧАЛНИК · ОПШТИНА РАДОВИШ